**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветото продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 декември 2001 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија со почеток во 14,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Томислав Стојановски, потрептседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Предлагам сега да ги разгледаме точките 41 и 42 односно Предлогот на закон за чек и Предлогот на закон за меница.

При тоа да го завршиме општиот претрес по овие точки, да остане само амандманскиот дел, па потоа да можеме да работиме на една седница и по едниот и по другиот закон.

Преминуваме на 41-та точка од дневниот ред - Предлог на закон за чек.

Отворам општ претрес. Дали некој бара збор?

Има збор министерот за финансии Г. Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Би кажал краток кометар околу ова. Законот за чек е прилично стар, тој е сојузен пропис кој како републички пропис е преземен во РМ врз основа на Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ, и денес се применува.

Со реформите на платниот систем кои треба да овозможат побрз стопански и економски развој, акцептниот налог како средства за плаќање и обезбедување ќе престане поради што чекот и меницата како инструменти за плаќање, а меницата и како средство за обезбедување, треба да имаат поголема застапеност во платниот промет во земјата и во странство.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** (Продолжение)

Поаѓајќи од околноста дека се работи за сојузен пропис од 1946 година, два пати амандиран, во кој некои решенија се одамна надминати или неприменливи, но не е можно изменување и дополнување на истиот, неминовно беше донесување на нов закон за чекот. Во новиот закон се утврдуваат начините за издавање, основните видови на чекот како средство за плаќање кои се користат во платниот промет во земјата и во странство. Чековните работи, правила и тн.

Во Законот се дефинира кои се основните елементи кои ги содржи чекот, без кои елементи одредена исправа не може да се смета за чек, како и основните видови на чек, со оглед дека има повеќе видови на чекови кои можат да се издадат и користат во платниот промет во земјата и во странство. Но, овој закон ги разработува и работите кои можат да се вршат со чекот, како што е индуцирањето, валирањето, известувањето, исплатата, регресот заради неисплата, отповикување на чекот, одговорност по чекот, залогот и задржувањето, амортизацијата, неосновано збогатување и застареноста.

Посебна новина во Законот за чекот е протестирањето на чекот кај нотар, со што се поедноставува постапката во случај на протестирањето кое до сега се водеше пред судот.

Новина во законот и можност која е предвидена имателот на чекот да може да се наплати од примениот залог т.е. служба доколку на договорот за залог му даде сила на извршен наслов.

Во новиот закон, покрај примената на правото се утврдени и чековните правила во работењето со чекот во земјата и во странство.

Новина е и предвидувањето на посебно кривично дело во казнените одредби, покрај утврдените прекршоци, за кои се предвидуваат казни согласно Законот за прекршоци.

Тоа накратко би било околу овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине министре. Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Немаме кворум за одлучување, вториот дел ќе продолжи откако ќе имаме услови за амандманска расправа.

Колеги, имаме точка 42 - Предлог на закон за меница.

Сакам и овде да го започнеме општиот претрес или да го отвориме, па дали ќе го завршиме, ќе видиме.

Дали некој бара збор по 42-та точка - Предлог на закон за меница.

Министерот за винансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ќе кажам нешто и околу овој закон. И овој закон е сојузен пропис кој како републички пропис се презема во Република Македонија врз основа на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија кој и денеска се применува.

Со сегашните реформи на платниот систем кои треба да овозможат побрз економски развој фиктниот налог реков како средство за плаќање останува поради што и меницата како инструмент за плаќање и средство за обезбедување треба да има многу поголема застапеност во платниот промет во земјата и во странство.

Поаѓајќи од околноста дека се работи за постојан закон во кој некои решенија со текот на времето се надминати и тешко се применливи. Тешко е и дури не е можно изменување и дополнување на истиот, сегашниот,така што се отиде на подготовка на нов закон за меница во кој се утврдува начинот на издавање на трасирана и сопствена меница како основни видови, како средства за плаќање и обезбедување меничните работи, меничните правила.

Во Законот се дефинира кои се основните елементи кои ги содржи трасираната и сопствената меница без кои елементи одредена исправа нема да се смета за меница. Новиот закон ги разработува и работите кои можат да се вршат со меницата, како што е индусирањето, акцептирањето, валирањето, известувањето, исплатата, регресот заради неисплата, залогот и задржување амортизацијата и застареноста.

Новина во законот за меница е можноста истата да не се протестира или да се протестираат пред нотар кое протестирање досега се водеше пред судот.

Новина во законот е можност која е предвидена имателот на меница да може да се наплати од примениот залог без тужба, доколку на договорот за залог му даде сила на извршен наслов.

Во новиот закон, покрај примената на правото се утврдени и правилата во работењето со меницата.

Се предвидуваат и казнени одредби особено за кривично дело покрај утврдените прекршоци, согласно Законот за прекршоци.

Ви благодарам, тоа беше накратко.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам јас. Господа кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Сега се поставува второто прашање, немаме кворум за одлучување.

Поради ова, овие три седници ги одлагам за во вторник.

Јас се договорив со претседателот на Собранието пред неговото заминување тој ми даде овластување или да речам забрана за утре и за понеделник, затоа одреди ден - вторник.

Ова морам да го испочитувам, Ве молам.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас би замолил неколку работи, ако може, да ме сослуша Парламентот во врска *со* одложувањето.

Имено, пред нас имаме неколку закони кои се сврзани со рокови. Јас би замолил, доколку постои можност, утре или еве во понеделник да се одржи седница. Светската банка денеска треба пред бордот да го одобри Законот за кредитен договор за економска помош на земјата, со кој се сврзани многу други средства. Или да кажеме доаѓаат редица на други закони кои се сврзани со рокови. Се сомневам дека Парламентот ќе има време до крајот на овој месец да ги помине сите. Затоа секој ден е важен и би замолил ако не може утре, барем во понеделник да се закаже седница, бидејќи имаме голема листа на закони особено од Министерството за финансии кои не се прифатени, не се ни дискутирани можеби некои од нив и би сакал, ако е можно, да замолам Парламентот побрзо да се состане заради важноста на сите овие проекти.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине министре, ќе воспоставам контакт со претседателот и за тоа ќе бидете дополнително известени.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

(Од место без вклучен микрофон.)

Утре и во понеделник не може.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја прекинувам седницата.

(Седницата прекина со работа во 14,40 часот.)